Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги
ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
Бр. 1303/84-1/2018
07.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за политика
Бр. 18/3-401/95
08-10-2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

**Склучен во Скопје 2018 година помеѓу:**

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **ДОГОВОРЕН ОРГАН: МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ул. Орце Николов бр. 116, Скопје, телефон 02/3283-022, факс 3283025, претставувано од министерот за одбрана Радмила Шекеринска – Јанковска (во натамошниот текст „Договорен орган“) и

2. **НОСИТЕЛ НА НАБАВКА: ”ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА”ДООЕЛ-СКОПЈЕ**
бул.”Партизански одреди бр.18”- Скопје, тел: 02/3293 033; факс:02/3293 036 жиро сметка: 300 0000 2136558, депонент на Комерцијална банка АД - Скопје, ЕДБ: 4030005551138; ЕМБС: 5993539, претставувано од управителот Игор Семеничев (во натамошниот текст: носител на набавка)

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на договорниот орган и носителот на набавката по спроведената постапка по Оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 18/3-401/6 од 04.07.2018 година, спроведена електронска аукција и Одлука за доделување на договор за јавна набавка бр. 18/3-401/13 од 24.08.2018 година, за набавка на **Гориво, Моторно, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV) за м/в**, кои носителот на набавката се обврзува да ги испорача **сукцесивно по добиена диспозиција**, а договорниот орган да ги превземе и плати во согласност со одредбите од овој договор, понудата и техничките спецификации од Тендерската документација, по вид и количина како што следува:

| **Ред. Бр.** | **Опис на средствата** | **Единечна мерка** | **Ориентациона количина** |
|---|---|---|---|
| 1 | Гориво, моторно, **Еуросупер БС-95** | литар | 100.000 |
| 2 | Гориво, моторно, **Еуродизел БС (Д-EV)** | литар | 650.000 |

Количините на **Гориво, моторно,** Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС(Д-EV) за моторни возила се планирани годишни потреби и истите можат да се менуваат, односно да бидат поголеми или помали, во зависност од реалните потреби на крајните корисници на договорниот орган – единиците на АРМ.

Составен дел на овој договор се: Техничките спецификации за набавка на **Гориво, моторно,** Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС(Д-EV), од тендерската документација и копија од оригиналната понуда на ”Лукоил Македонија” ДООЕЛ-Скопје.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Единечната цена на наведениот вид на горивата од член 1 на овој Договор се искажува во денари со вклучен превоз, франко краен корисник на договорниот орган – единиците на АРМ, а се утврдува согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени со методологијата на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија, донесена врз основа на член 39 став 3 од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. бр.47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), Законот за акцизи (Службен весник на РМ бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04, 38/05, 88/08, 105/09, 34/10 и Правилникот за спроведување на Законот за акцизи (Службен весник на РМ бр. 40/01 со сите измени и дополненија.

Цената на горивото, моторно, **Еуросупер БС-95** за м/в, согласно со понудата од носителот на набавката по завршена електронска аукција на ден 16.08.2018 година, изнесува **38,517 ден/литар без ДДВ**.

На цената на горивото, носителот на набавката **не пресметува акциза**, врз основа на Законот за акцизи (Службен весник на РМ бр.32/01 со сите измени и дополнувања), согласно издадено Одобрение за акцизно повластено користење на акцизни добра, издадено од Министерството за финансии – Царинска управа на РМ, а се однесува на потребите на Министерство за одбрана на Р. Македонија.

Носителот на набавката на **Гориво, моторно, Еуросупер БС-95** одобрува рабат (дисконт) од **0,100 денари** по литар од цената одредена од Регулаторна комисија.

Доколку дојде до промена на цената на гориво, моторно, Еуросупер БС-95 , носителот на набавката врши соодветна измена на цените, согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија, при што ќе се пресметува рабатот од **0,100 денари** по литар.

Цената на гориво, моторно, **Еуродизел БС (Д-EV)** за м/в согласно со понудата од носителот на набавката по завршена електронска аукција на ден 16.08.2018 година, изнесува **37,747 ден/литар без ДДВ**.

На цената на горивото, носителот на набавката **не пресметува акциза** , врз основа на Законот за акцизи (Службен весник на РМ бр.32/01 со сите измени и дополнувања) согласно издадено Одобрение за акцизно повластено користење на акцизни добра, издадено од Министерството за финансии – Царинска управа на РМ, а се однесува на потребите на Министерство за одбрана на Р. Македонија.

Носителот на набавката на **Гориво, моторно, Еуродизел БС (Д-EV)** одобрува рабат (дисконт) од **0,098 денари** по литар од цената одредена од Регулаторна комисија.

Доколку дојде до промена на цената на **Гориво, моторно, Еуродизел БС (Д-EV)**, носителот на набавката врши соодветна измена на цените, согласно Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија, при што ќе се пресметува рабатот од **0,098 денари** по литар.

Вкупната вредност на обезбедени финансиски средства за **Гориво, моторно, Еуросупер БС-95** изнесува **5.508.474,58 денари** без ДДВ односно **6.500.000,00 денари со ДДВ** и за **Гориво моторно Еуродизел БС (Д-EV)** изнесува **28.389.830,50**

**денари без ДДВ** односно **33.500.000,00 денари со ДДВ,** или вкупно обезбедени финансиски средства за овој договор за 2019 година изнесуваат **33.898.305,08 денари без ДДВ** односно **40.000.000,00 денари со вклучен ДДВ**, франко краен корисник на договорниот орган, во кои е планирано евентуално зголемување на цената на погонското гориво за 10%.

Носителот на набавка е должен согласно Законот за данок на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, со сите измени и дополнувања), данокот на додадена вредност посебно да го пресмета и искаже во доставената фактура, кој паѓа на товар на договорниот орган.

Носителот на набавката, се обврзува за секоја измена на цената на Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-ЕV) од членот 1 на овој договор, да постапува во согласност со Одлуките на Регулаторната комисија за енергетика на Р.Македонија и да доставува известување за важечката цена до договорниот орган и тоа веднаш по влегувањето во сила на истата.

Носителот на набавка се обврзува при секоја испорака и со секоја фактура да достави Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологија, важечка на денот на испорака на горивата.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Плаќањето на горивата наведени во член 1 на овој Договор го врши договорниот орган, по извршената испорака и по приемот на фактурата, во рок од 30 дена од денот на секоја извршена поединечна испорака на договорената количина сметано од денот на приемот на фактурата кај договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува да достави фактура во рок од 5 дена по извршениот прием на гориво, моторно од член 1 на овој договор до воени пошти на договорниот орган наведени во член 5 од и тоа:

- **до ВП 2990/10 Штип за** за испорачани количини на гориво, моторно за: ВП 2990/15 Велес, ВП 2990/15 Криволак, ВП 2990/13 Штип и ВП2990/14 Куманово);
- **до ВП 2990/20 Кичево за** (за испорачани количини на гориво, моторно на: ВП 2990/23 Кичево, ВП 2990/24 Тетово и ВП 2990/25 Прилеп) и
- **до ВП 2990/30 Скопје за** (за испорачани количини на гориво, моторно на: ВП 2990/34 Петровец и ВП2990/35 Скопје).

Во прилог на фактурата носителот на набавка се обврзува да достави:

- записник за извршен квалитативен и квантитативен прием на испорачаните количини на гориво, моторно Еуросупер БС-95/ Еуродизел БС (Д-ЕV) ;

- 2 (две) испратници во кои е наведено цело име и презиме и потпис од лицата од носителот на набавката кои испорачуваат и од страна на лицата од крајниот корисник кои вршат прием на горивата.

- Одлука на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологија, важечка на денот на испорака.

ДДО настанува со денот на доставување на фактурата за испорачаните стоки до крајниот корисник на договорниот орган.

Обработка и комплетирање на документацијата за исплата на испорачаните количини на гориво, моторно вршат: **ВП 2990/10 Штип, ВП 2990/20 Кичево и ВП 2990/30 Скопје.**

При изготвувањето на фактурата носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број, број и датум на договорот;
- испорачана количина со опис на гориво, моторно;
- единечната цена на денот на испораката согласно цената на Регулаторна комисија, без акциза;
- износ на рабат;
- единечната цена на денот на испораката со пресметан рабат;
- вкупна цена на испорачаната количина со пресметан рабат;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата на фактурата и
- валута на плаќање.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Времетраењето на овој договор изнесува дванаесет месеци односно започнува да важи од 15.12.2018 година и трае до 15.12.2019 година.

Договорот престанува да важи и доколку се исполнат еден од следните услови:

- искористување на финансиските средства предвидени со овој договор, или
- испорака на максималните количини предвидени со овој договор.

## РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

**Член 5**

Носителот на набавка се обврзува количините на Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV) за м/в наведени во член 1 на овој договор да ги испорача франко краен корисник на договорниот орган – единиците на АРМ, **сукцесивно по доставена диспозиција** во текот на целата година по склучување на овој Договор, односно до целосно исцрпување на обезбедените финансиски средства наведени во член 2 на овој Договор според следната табела:

| Ред. бр. | Место на испорака | Орентациона количина за Еуросупер БС-95 (лит.) | Орентациона количина за Еуродизел БС(Д-EV) (лит.) | ВП примател (краен корисник) | Обработка на документација за исплата на фактури |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Касарна „Илинден“ Скопје | 25.000 | 180.000 | ВП 2990/35 Скопје | **ВП 2990/30 Скопје** |
| 2. | Касарна „Страшо Пинџур“ Петровец | 20.000 | 70.000 | ВП 2990/34 Петровец | |
| 3. | Касарна „Алекса Демниевски“ Велес | / | 20.000 | ВП 2990/15 Велес | **ВП 2990/10 Штип** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | АП „Криволак“ Криволак | / | 70.000 | ВП 2990/15 Криволак | |
| 5. | Касарна „Јане Сандански“ Штип | 20.000 | 80.000 | ВП 2990/13 Штип | |
| 6. | Касарна „Боро Менков“ Куманово | 20.000 | 90.000 | ВП 2990/14 Куманово | |
| 7. | Касарна „Кузман Јосифовски“ Тетово | / | 50.000 | ВП 2990/24 Тетово | **ВП 2990/20 Кичево** |
| 8. | Касарна „Чеде Филиповски“ Кичево | 15.000 | 60.000 | ВП 2990/23 Кичево | |
| 9. | Касарна „Мирче Ацев“ Прилеп | / | 30.000 | ВП 2990/25 Прилеп | |
| **Вкупно орентациона количина (литри)** | | **100.000** | **650.000** | | |

Носителот на набавката, се обврзува, горивата од член 1 на овој Договор, да ги испорача франко краен корисник на договорниот орган – МО на РМ и единиците на АРМ, **сукцесивно по доставена диспозиција** во текот на целата година по склучување на овој Договор.

Испораката на **Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV) за м/в**, носителот на набавката ја врши во одредено време и место, согласно динамиката по однапред доставена диспозиција од ВП 2990 Скопје, во координација со крајните корисници. Секоја поединечна испорака ќе се врши со автоцистерни за погонско гориво за м/в (АДР), опремени со електронски протокомерач за утврдување на точно испорачаната количина и опремени со уред за штампање на мерна белешка. За Електронскиот протокомерач, носителот на набавката во моментот на испораката на горивото треба да има важечка верификација за баждарење, издадена од Биро за метрологија согласно Законот за метрологија. Горивото ќе се дистрибуира по однапред издадени налози од крајниот корисник во текот на целата година.

Заради извршување на редовни задачи, воедно задолжително е носителот на набавката да достави список на возила и возачи со кои ќе се врши испораката на горивото.

**Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV) за м/в** се испорачува во рок од 5 дена по доставена диспозиција (писмена нарачка која се доставува по факс и по пошта) од страна на ВП 2990 Скопје - франко истоварно место назначено од крајниот корисник.

Рокот за испорака се засметува од денот на доставување на нарачката по факс/електронски.

Испораката се смета за извршена со денот на приемот на горивата на местото на испорака и потпишување на испратница за извршено примопредавање на горивата од страна на овластени лица на крајниот корисник на договорниот орган - МО на РМ и единиците на АРМ и носителот на набавка.

Приемот се врши од страна на Комисијата за прием од ВП примател, во присуство на Комисијата за вршење на контрола при прием на нафта и нафтени деривати.

Носителот на набавка се обврзува испораката на гориво, моторно од член 1 на овој договор, да ја врши со стручно лице и во специјални моторни возила - автоцистерни кои имаат вградени мерни уреди за испорачување на ваков вид на горива и техничка книшка за извршено баждарење, според меѓународните стандарди.

Носителот на набавка е должен најдоцна 3 (три) дена пред да ја изврши испораката, писмено да го извести договорниот орган-примателот на средството од член 1 на овој Договор. Во известувањето потребно е да го прецизира точниот датум и време на испорака, односно времето и местото на утовар на горивата, како и име и презиме на лицата кои ќе ја вршат испораката.

Носителот на набавка е должен во случај на настапување на виша сила, ембарго или други забрани, на договорниот орган и неговите крајни корисници гарнизоните - единиците на АРМ да му даде третман на најповолен договорен орган, односно приоритет во снабдување со наведените средства од член 1 од овој Договор во рамките на извршувањето на Енергетскиот биланс на Република Македонија.

## КВАЛИТЕТ НА СРЕДСТВАТА

### Член 6

Квалитетот на средствата од член 1 на овој Договор мора да одговара на важечките прописи и стандарди од производителот, согласно стандардите во РМ и доставените сертификати за квалитет, согласно условите пропишани со **Правилник за квалитет на течни горива Службен весник бр. 88/2007, 91/07, 97/07, 105/07, 15/08, 78/08, 156/08 и 81/09) и тоа стандардот МКС EN 228:2013 или еквивалент за Гориво моторно Еуросупер БС 95 и стандардот МКС EN 590:2015 или еквивалент за Гориво моторно Еуродизел (Д-EV).**

За квалитетот на наведените средства од член 1 на овој Договор, а согласно став 1 од овој член одговара носителот на набавка и должен е со секоја испорака на средствата да достави: сертификат за квалитетот на горивата според важечките стандарди и изјава за сообразност на квалитетот на горивата пропишана со **Правилник за квалитет на течни горива Службен весник бр. 88/2007, 91/07, 97/07, 105/07, 15/08, 78/08, 156/08 и 81/09) и стандардот МКС EN 228:2013 или еквивалент за Гориво моторно Еуросупер БС 95 и стандардот МКС EN 590:2015 или еквивалент за Гориво моторно Еуродизел (Д-EV) издадена врз основа на извештаи од испитување на горивото од страна на акредитирана лабораторија.**

Носителот на набавка гарантира дека понудените деривати ќе бидат адитивирани во преодниот, како и во зимскиот период согласно неговата понуда и бараното од техничките спецификации.

## КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

**Член 7**

Носителот на набавка превзема целосна одговорност за квалитетот на Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС(Д-EV) за моторни возила наведени во член 1 на овој договор и се обврзува истите во потполност да одговараат на квалитетот специфициран во член 6 на овој договор.

Договорниот орган - Комисија од Одделението за контрола на квалитет во МО на РМ и претставник од ВП 2803/40 Скопје го задржува правото да врши контрола на квалитетот на нафтените деривати земени од неистоварена автоцистерна во присуство на двете договорни страни со лабораториско испитување во овластена лабораторија и доколку има отстапување од квалитетот искажан во сертификатот и изјавата за сообразност на квалитативните својства, трошоците за извршената контрола паѓаат на товар на носителот на набавката а нафтените деривати нема да бидат примени, односно ќе бидат оставени на располагање на Носителот на набавката.

Контролата на квалитетот ќе ја врши Комисија од одделението за контрола на квалитет со претставници од ВП 2803/40 Скопје. По добиениот резултат комисијата составува и потпишува записник за извршена контрола на квалитетот.

Носителот на набавката, заради контрола на квалитетот ја приложува на крајниот корисник на договорниот орган, целокупната документација утврдена во член 6 на овој Договор, со која се докажува квалитетот на горивото.

Сите документи и податоци кои се однесуваат на докажувањето на остварениот квалитет, носителот на набавка се обврзува да ги чува најмалку 2 (две) години и во случај на потреба, истите да ги достави на увид на овластен орган на договорниот орган.

## КВАЛИТАТИВЕН И КВАНТИТАТИВЕН ПРИЕМ

**Член 8**

Носителот на набавка е должен средствата од член 1 на овој договор да ги декларира тежински и волуменски преку мерни уреди, кои се одобрени од овластени органи за контрола и се обврзува истите во потполност да одговараат на квалитетот специфициран во техничката документација од член 6 и 7 на овој договор.

Носителот на набавката е должен на крајниот корисник на договорниот орган - единиците на АРМ да издаде мерна белешка за извршено мерење на горивото изразено во тежински и волуменски единици, како и регистерски број на пломбирана автоцистерна.

**Автоцистерната за испорака на Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV) мора да поседува документ за исправност и извршено баждарење на инструментите за мерење на протокот издадено од биро за Метрологија.**

**Член 9**

Квантитативен прием на средствата од член 1 на овој договор врши комисија на крајните корисници на договорниот орган, при што приемот на нафтени деривати се потврдува со записник за квантитативен прием потпишан од страна на Комисијата на крајниот корисник и носителот на набавката.

Контрола на квалитативниот и квантитативниот прием врши Комисија за контрола на прием на нафта и нафтени деривати. За контролата на квалитативниот и квантитативниот прием Комисијата составува записници за контрола на приемот.

Доколку крајниот корисник на договорниот орган, при приемот и визуелната контрола на квалитетот на гориво, моторно **Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV)** и **документот за исправност и извршено баждарење на инструментите за мерење на протокот** има забелешка, обврзан е да не врши прием на средствата за што составува писмен документ-записник. За настанатата ситуација веднаш го известува носителот на набавка (служба за продажба или дежурната служба на носителот на набавка). По добиеното известување носителот на набавка превзема мерки за утврдување на фактичката состојба и отстранување на утврдените недостатоци.

За комплетирање на досието на постапката за набавка на средствата кои се предмет на овој Договор, потребно е веднаш по извршениот квалитативен и квантитативен прием до Секторот за логистика - Одделение за менаџмент и набавки да достават, крајниот корисник да достави:

- фотокопија од документацијата за извршениот квалитативен и квантитативен прием (записник со прилог испратници потпишани од претставници на двете договорни страни).

## ГАРАНЦИЈА И РЕКЛАМАЦИЈА

**Член 10**

Носителот на набавка се обврзува за испорачаните средства да важат условите за гаранција и рекламација пропишани од производителот.

Доколку договорниот орган при приемот и визуелната контрола на горивото има забелешка, должен е да не го истовара горивото и веднаш да го рекламира до носителот на набавка. Во тој случај по заеднички зintroduced земениот примерок од рекламираното гориво автоцистерната се враќа кај носителот на набавка. Земениот примерок од горивото се анализира во акредитирана контролна лабораторија, која спогодбено ја определуваат двете страни. Резултатите од оваа лабораторија се меродавни за двете страни. Доколку се констатира отстапување од квалитет трошоците на испитување паѓаат на терет на носителот на набавката.

Доколку се констатира дека рекламацијата е неоснована тогаш трошоците паѓаат на товар на договорниот орган. Доколку во горенаведената постапка се утврди дека носителот на набавка испорачал гориво со квалитет различен од

договореното, тогаш носителот на набавката се обврзува да достави нова количина на гориво со договорениот квалитет во најбрз можен рок (најмногу 5 дена).

Во случај на отстапување од квантитетот-количините на источените нафтени деривати, доколку количината е помала се прави испратница на таа количина со обврска носителот на набавка да ја достави останатата количина.

## ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 11**

Во случај на задоцнување со испораката на средствата - Гориво, моторно **Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV)**, носителот на набавката е должен да му плати на договорниот орган пенали во висина од 0,02% дневно, а пеналите не можат да бидат поголеми од 5% од вредноста на подоцна испорачаните средства.

Носителот на набавката е ослободен од обврската за плаќање на пенали, ако задоцнувањето е последица на виша сила (елементарни непогоди од поголем размер) и меѓународни забрани и блокади. Во овие случаи, носителот на набавката е должен без одлагање, а најдоцна во рок од 8 дена по дознавањето за тоа да го извести договорниот орган по писмен пат, а потоа договорно ќе се утврди нов рок на испорака на договорените средства.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 12**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 13**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоките што тие ги имале во моментот на преминувањето на ризикот на Договорниот орган, без оглед дали тие му биле познати.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Недостаток постои:

- Ако стоките ги немаат потребните својства за нејзина редовна употреба или промет;
- Ако стоките ги немаат потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Доколку не се најде спогодбено обострано прифатливо решение, сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во договорениот рок, другата договорна страна ќе и остави примерен дополнителен рок од 15 дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок и не ја исполни ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 17**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување на неговата обврска, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја исполни својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 18**

Страната која бара раскинување на договорот е должна за својата намера писмено да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што благовремено не била известена за раскинувањето.

## ОПШТИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Овој договор се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и ќе биде со важност од **15.12.2018 година** до целосно исцрпување на обезбедените финансиски средства, наведени во член 2 од овој Договор, но не подолго од **15.12.2019 година**.

По целосно реализирање на вкупно обезбедените финансиски средства во износ од 40.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, наведени во член 2 од овој Договор, истиот престанува да важи.

Носителот на набавка и договорниот орган се должни да ги превземат сите мерки пропишани со Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи во патниот сообраќај (АДР) и постојната законска регулатива за превоз, вскладиштување и издавање на опасни материи.

**Член 20**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за измена и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 21**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна без взаемна писмена согласност.

**Член 22**

Овој договор е изработен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои 2 (два) за носителот на набавката а 4 (четири) на договорниот орган.

Изработил: Сашо Јовановски
Контролирал: Бујар Мустафаи
Согласен: Бојанчо Апостоловски
Одобрил: Бранкица Гацова

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**
**ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ-СКОПЈЕ**
**Управител**
**Игор Семеничев**

**ДОГОВОРЕН ОРГАН**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**Министер**
**Радмила Шекеринска – Јанковска**

Доставено до :
- архива
- Сектор за логистика (1 примерок)
- Сектор за финансии (1 примерок)
- ВП 2803/40 – Скопје (1 примерок)
- Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје ( 2 примерока)

ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА

| **Реден број** | **Назив на средствата** | **Единечна мерка** | **Ориентациона количина** |
|---|---|---|---|
| 1. | Гориво, моторно Еуросупер БС-95 | литар | 100.000 |
| 2. | Гориво, моторно, Еуродизел БС | литар | 650.000 |

**Квалитативни карактеристики:**

1. Квалитетот на горивата Еуросупер БС 95 и Еуродеизел БС да одговараат на условите пропишани со Правилникот за квалитет на течните горива (Службен весник на РМ бр.88/07 со сите измени и дополнувања).
2. Носителот на набавката е должен со секоја испорака на гориво моторно Еуросупер БС 95 и гориво моторно Еуродизел БС, да достави изјава за сообразност на квалитативните својства на горивото и сертификат за квалитетот согласно Правилникот за квалитет на течните горива (Службен весник на РМ бр. 88/2007 со сите измени и дополнувања) издаден од надлежен орган.

**Забелешка:**
**Понудените деривати да бидат адитивирани во преодниот период како во зимскиот период.**

**IV. Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 18/3-401/6/2018 објавен од страна Министерството за одбрана на РМ, за доделување на договор за јавна набавка на **Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и гориво, моторно Еуродизел БС** со спроведување на отворена постапка со е-аукција преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

**П О Н У Д А**

**IV.1.2. Контакт информации**

Адреса: бул. Партизански одреди бр. 18
- Телефон: 02 3293 033
- Факс: 02 3293 036
- Е-пошта: lukoilmacedonia@lukoil.com.mk
- Лице за контакт: Сашо Иванов

IV.1.3. Одговорно лице: Игор Семеничев
IV.1.4. Даночен број : 4030005551138 и ЕМБС 5993539
IV.1.5 Жиро сметка и Банка депонент: Комерцијална банка АД Скопје

IV.1.6.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Листата на цени и рокови на испорака.

IV.1.7. Нашата понудата е составена од следниве делови

- пополнет образец на Понуда составена од IV.1 ОПШТ ДЕЛ и IV.II ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА,
- пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува),
- документи за докажување на личната состојба,
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност:
- Лиценца за вршење енергетска дејност - трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со **Еуросупер БС-95 и Еуродизел БС (Д-EV)** издадена од Регулаторна комисија на РМ,
- акцизна дозвола за производствено-складирање на акцизни добра,
- изјава од понудувачот дека прифаќа понудените деривати да бидат адитивирани во преодниот период како во зимскиот период
- изјава за сериозност,
- изјава за независна понуда

IV.1.8. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

Место и датум
08.08.2018 г.

Одговорно лице

име и презиме

_______________________________

потпис и печат

***Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.***

## IV.II ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА

IV.II.1 Детален приказ на вкупната цена на нашата понуда е даден во следнива листа на цени (образец листа на цени)

IV.II.2 Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти за **Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и гориво моторно Еуродизел** БС изнесува 28.460.950,00 денари **без ДДВ** *[со бројки]* (дваесетиосуммилиони четиристотинишеесетилјади девтстотинипеесет денари)*[со букви]*. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 5.122.971,00 денари.

Листа на цени за Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и гориво моторно Еуродизел БС

| 1 | 2 | 3 | 5 | 6 | 7 (3*6) | 8 | 9 (7+8) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАЗИВ НА СРЕДСТВАТА | Ед. мерка | Планирана ориентациона количина | Единечна цена/лит. во денари без акциза и без ДДВ, согласно Одлуката од Регулаторна комисија која важи на денот на отварање на понудите | Единечна цена во денари со дисконт – рабат/литар, без акциза и без ДДВ | Вкупна понудена цена без акциза и без ДДВ со вклучен рабат | Вкупно ДДВ | Вкупна понудена цена без акциза и со ДДВ |
| Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 | литар | 100.000 | 38,617 | 38,617 | 3.861.700,00 | 695.106.00 | 4.556.806,00 |
| Гориво, моторно, Еуродизел БС | литар | 650.000 | 37,845 | 37,845 | 24.599.250,00 | 4.427.865,00 | 29.027.115,00 |
| Вкупна цена во денари | | | 76.462 | 76.462 | 28.460.950,00 | 5.122.971,00 | 33.583.921,00 |

**Образложение:** Предмет на електронска аукција е вкупната **понудена цена** без акциза и без ДДВ со вклучен рабат на **Гориво, моторно, Еуросупер БС-95 и гориво моторно Еуродизел** БС кое е предмет на набавка. За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена во текот на електронската аукција, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива. По завршување на електронската аукција добиената нова вкупна цена ќе се подели со количината и ќе се добие нова единечна цена по литар во денари без акциза и без ДДВ, која е пониска во однос на цената од Одлуката од Регулаторна комисија на

денот на отварање на понудите. Добиената разлика ќе биде новиот рабат/литар на Договорот и истата е непроменлива за целото времетраење на договорот.

IV.II.3 Рок на испорака во денови: најдоцна 5 дена по добиена диспозиција од крајниот корисник.

IV.II.4 Рок на плаќање: Во рок од 30 дена од денот на доставување на фактурата во архивата на договорниот орган – крајниот корисник.

IV.II.5 Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

Место и датум
Скопје 08.08.2018 г.

Одговорно лице
(Име и презиме)

_______________________
(потпис)*

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*